## Прилог кон Барањето информации од јавен карактер

1. **Зошто се појавуваат две стратегии на веб страницата на Министерството за труд и социјална политика за ист период (2021-2024)?**
   - Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2024) и
   - Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027)
2. **Во рамкиите на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027) се дефинирани стратегиски приоритети со одделни мерки, како и носители на мерките. Ве молам, да одговорите во колона 4 (Степен на реализација со реализирани активности).**

   *Бараните информации се засноваат Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија во Република Северна Македонија (2021 – 2027), со временски рок 2021 – 2023 г.

| ПРИОРИТЕТ/МЕРКА | ОПИС | НОСИТЕЛ | СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА со реализирани активности |
|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. |
| **Приоритет 1** | **Воспоставување на правна рамка за социјално претприемништво** | | |
| **Мерка 1** | Подготовка и усвојување на Закон за социјално претприемништво / социјални претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | По однос на предлог на Законот за социјални претпријатија Министерството за труд и социјална политика, сега Министерство за социјална политика, демографија и млади (МСПДМ), до Министерство за финансии, Секретаријат за законодавство, Министерство за правда, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Министерство за економија, Фонд за иновации и технолошки развој , Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Управа за јавни приходи, Инспекциски совет, Агенција за млади и спорт, Биро за јавни набавки и Комисија за заштита на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | конкуренцијата во ноември 2023 година направи усогласување на текстот на Предлог на Законот за социјални превртија согласно мислењата дставени од надлежните министерства и институции.<br>Последна верзија, што Министерството за социјална политика, демографија и млади, на предлог на Законот за социјални претпријатија ја има поставено на системот на е-Влада беше на 21.2.2024 година.<br>**Текстот на Предлог на Законот за социјални претпријатија усогласен согласно добиените мислења и забелешки од надлежните институции како нов материјал, заради административни причини во системот е-Влада, предложен од Министерството за социјална политика, демографија и млади во текот на месец јуни 2025 година ќе се достави до Владата на Република Северна Македонија на разгледување.**<br><br>Имено, Министерството за труд и социјална политика, сега МСПДМ, изработката на предлог на Законот за социјални претпријатија ја реализираше во периодот од февруари 2021 година до април 2023 година низ консултации, состаноци и работни средби на Работна група за политика и правна рамка на социјалното претприемништво формирана од Министерот за труд и социјална политика во февруари 2021 и со измени и дополнувања почетокот на 2022 година. Работата на работната група беше помогната и поддржана со експертизата и техничката поддршка обезбедена во рамки на проектот „Поддршка на социјалните претпријатија“ финансиран од ЕУ кој се имплементираше од септември 2020 до април 2023 година.<br><br>Дискусија и расправа во процесот на изготвување на предлог на Законот за социјални претпријатија со членови на РГ претставници на министерства и органи на државната |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | управа: - Скопје, се реализраше на 01.11.2023 година , Дискусија и расправа во процесот на изготвување на предлог на Законот за социјални претпријатија со членови на РГ претставници на граѓански организации, фондации, академска заедница – Скопје на 02.11.2023 година.<br><br>Јавна расправа по предлог на Законот за социјални претпријатија се спроведе во Скопје на 10.11.2023 година, во Битола на 15.11.2023 година и во Штип на 17.11.2023 година. Јавен увид на предлогот на Законот за социјални претпријатија од 6.11.2023 до 21.11.2023 |
| **Мерка 2** | Усогласување на правната рамка - Прилагодување на постојните закони и подзаконски акти за поддршка на развојот на социјалните претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Согласно **член 62** од Предлог на Законот за социјални претпријатија подзаконските акти предвидени со овој закон, ќе се донесат во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на законот.<br><br>Во однос на други закони, како Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, Законот за социјалната заштита, Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, Законот за работните односи, Законот за данокот на личен доход, Законот за данокот на добивка, Законот за волонтерството и Законот за здруженија и фондации, ќе се усогласат со одредбите од овој закон, во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на законот. |
| **Мерка 3** | Создавање механизми за систематско прибирање податоци за социјалните претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) Централен регистар на РСМ | Согласно член **член 51** од Предлог на Законот за социјални претпријатија предвидено е Министерството за социјална политика, демографија и млади да води електронска евиденција на социјалните претпријатија. Евиденцијата ќе опфати собирање, обработка, проследување и јавно објавување на податоци за социјалните претпријатија преку интернет страницата на Министерството. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка 4** | Подобрување на даночниот третман на социјалните претпријатија | Министерство за финансии | Во Предлог на Законот за социјални претпријатија во член 34 предвидени се Даночни ослободувања. Имено предвидено е Социјалното претпријатие да има право на ослободување од данок на личен доход за вработувањата на лица од социјално ранливи групи кои што користат финансиска поддршка согласно членовите 23, 32 и 33 од овој закон, во периодот додека трае поддршката.<br>**Социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање** согласно Годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија уредена со овој предлог на закон, е предвидено да добиваат неповратни финансиски средства за купување на основни средства, во зависност од бројот на учесници во обуките и активностите предвидени за социјална реинтеграција и работно ангажирање.<br>Исто така социјално претпријатие за социјална реинтеграција и работно ангажирање, покрај финансиските средства еднаш годишно добива и финансиска поддршка за тековни оперативни трошоци, во висина до 50% од годишните оперативни трошоци од Програмата за социјална реинтеграција и работно ангажирање.<br><br>**Социјалното претпријатие за работна интеграција** согласно овој предлог на закон предвидено е да добива неповратни почетни финансиски средства за купување на основни средства за создавање на работни места, во зависност од бројот на вработените од лицата од социјално ранливи групи. Овие финансиските средства односно финансиската поддршка ќе се обезбедуваат преку **Годишна програма за поддршка и развој на социјалните претпријатија** , под условите утврдени во овој предлог на закон со аплицирање на на отворен јавен повик преку цела календарска година. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Исто така, социјалното претпријатие за работна интеграција може да аплицира на јавни повици на национални и меѓународни фондови и проекти за финансиски средства за остварување на мисијата, целта и програмата за дејствување на социјалното претпријатие.<br>Социјалното претпријатие за работна интеграција е предвидено да има право да добие субвенција на платата за вработеното лице од социјално ранливи групи, во времетраење од најмногу 12 месеци, при што за првите три месеци во висина од 100%, во текот на наредните три месеци во висина од 80%, а во текот на последните шест месеци во висина од 60% од минималната плата која министерот за економија и труд ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно закон.<br><br>Социјалното претпријатие е предвидено да биде е ослободено од данок на добивка и ќе има законска обврска да доставува даночна пријава за целите на данокот на добивка. |
| **Приоритет 2** | **Развивање култура за социјално претприемништво и за препознавање на социјални претпријатија** | | |
| **Мерка 1** | Интеграција на поддршката за социјалните претпријатија во секторските политики и стратегии на национално и локално ниво | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Во Предлог на Законст за социјални претпријатија во **член 36** превидено е Владата на Република Северна Македонија да носи Национална стратегија за развој на социјалните претпријатија, за период од седум години, и акциски планови за нејзино спроведување за период од три години.<br>Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија ќе ја а изготвува Министерството, по претходно мислење од Националниот совет за социјално претприемништво , со која ќе се уредуваат:<br>- состојбата и развојот на социјалните претпријатија;<br>- преглед на еко-системот во кој функционираат социјалните претпријатија; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - цели, мерки и активности за поддршка и развој на социјалните претпријатија, и<br>- стратешки приоритети. |
| **Мерка 2** | Подигање на свеста и промоција на социјалното претприемништво и социјалните претпријатија меѓу заедницата на социјални претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Согласно **член 40** од предлог на Законот за социјални претпријатија Министерството (МСПДМ) поддршката на социјалните претпријатија е предвидено да ја дава преку:<br>- промовирање на концептот и принципите на социјалното претприемништво,<br>- поттикнување на социјалното претприемништво во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и иницирање и развој на меѓусекторски локални партнерства; |
| **Мерка 3** | Интеграција на социјалните претпријатија во наставните програми во формалното (основно, средно и високо) и неформалното образование. | Министерство за образование и наука | МСПДМ за сега не располага со информации дали социјалното претприемништво е интегрирано во наставните програми од формалното (основно, средно и високо) и неформалното образование. |
| **Мерка 4** | Генерирање, консолидација и споделување на знаење за социјалните претпријатија и нивниот екосистем преку истражување, анализа, статистички податоци, итн. | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) во партнерство со Националниот ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија | Согласно **член 40** од предлог на Законот за социјални претпријатија Министерството (МСПДМ) поддршката на социјалните претпријатија е предвидено да ја дава преку:<br>- развој на професионални вештини на социјалните претпријатија за водење бизнис и управување со социјалните и/или еколошките влијанија;<br>- креирање можности за взаемно учење, вмрежување и соработка на социјалните претпријатија и помеѓу социјалните партнери и другите чинители (бизнис секторот, општините, образовните институции, агенции |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | за поддршка на младите, фондови за иновации и технолошки развој, финансиските институции и сл.);<br>- советодавна поддршка за продуктивност и креирање на нови работни места;<br>- поддршка за воспоставување и развој на социјална реинтеграција и работно ангажирање;<br>- јакнење на капацитетите за учество во резервирани јавни набавки;<br>- поддршка за пристап до фондови на Европската Унија, заеми и други можности за финансирање на социјалните претпријатија;<br>- поддршка за зајакнување на човечкиот, иновативниот и деловниот потенцијал на социјалните претпријатија;<br>- поттикнување на соработка и градење капацитети на сите клучни чинители во екосистемот, и<br>- следење на реализацијата финансиски средства доделени на јавен повик согласно Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија |
| **Мерка 5** | Поддршка на социјалните претпријатија за мерење и известување на нивното општествено влијание | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Согласно **член 43** од предлог на Законот за социјални претпријатија е превидено да се изготвува Програма за поддршка на социјални претпријатија која ќе се реализира со финансиски средства предвидени во Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија. |
| **Мерка 6** | Усогласување на приоритетните мерки со соодветните политики и програми на ЕУ | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Предлогот на Законот за социјални претпријатија од периодот на негова примена треба да ги следи Препораките од Советот на ЕУ C/2023/1344 кои упатуваат на развој или усогласување на стратеги за социјална економија и упатуваат на мерки од други наджелни менистерсва. Следењето на препораките од Советот на ЕУ C/2023/1344. Перодот на следење и примена на Препораките од Советот на ЕУ C/2023/1344 е 4 години од нивното усвојување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ЕУ пропис:<br>C/2023/1344 Council Recommendation on developing social economy framework conditions/ Препорака на Европскиот Совет за развој на рамковните услови за социјална економија;<br>Акциски план за социјална економија усвоен од Европската Комисија на 09.12.2021 година, COM(2021) 778 final. |
| **Приоритет 3** | **Потпомагање на меѓусебна поддршка, учење и градење на капацитетите на социјалните претпријатија и на клучните чинители во екосистемот** | | |
| **Мерка 1** | Воспоставување на ресурсни и центри за развој на социјални претпријатија на национално и локално ниво | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Центарот за социјални претпријатија, како простор и опрема, со јавни овластувања може да ги довери на избрано правно лице, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија, и тоа на:<br>- здружение или фондација или задруга кои извршуваат економски дејности; или<br>- друштво со ограничена одговорност со утврдена социјална или еколошка цел. |
| **Мерка 2** | Подобрување на обемот и квалитетот на услугите за поддршка на чинителите во екосистемот | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика), Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија | Согласно **член 46** во предлог на Законот за социјални претпријатија предвидено е Владата да формира Национален совет за социјално претприемништво, како експертско, мулти-секторско советодавно тело со цел за развој на социјалното претприемништво, анализа на потребите за развој на социјалното претприемништво, вклучување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.<br>Националниот совет ќе има задача да ги анализира потребите за развој на социјалните претпријатија врз основа на постоечки истражувања, студии и извештаи, како и да го промовира социјалното претприемништво и развива социјалното претприемништво на локално и државно ниво. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мерка 3** | Градење на капацитетите на социјалните претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика), Национален ресурсен и развоен центар за социјални претпријатија | Согласно **член 45** во предлог на Законот за социјални претпријатија предвидено е правно лице на кое од страна на МСПДМ му се доверени јавни овластувања за вршење на работите за давање поддршка на социјалните претпријатија, утврдени во Програма за давање на поддршка на социјални претпријатија, да:<br>- организира и спроведува обука, едукација и техничка поддршка на социјалните претпријатија,<br>- да обезбедува административно - техничка поддршка на Комисијата Комисија за евалуација на барања за финансиска поддршка;<br>- да обезбедува помош на социјалните претпријатија за пристап до финансиски средства за основање и работа, и да ги промовира инструментите за поддршка;<br>- да воспоставува соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и организации и други домашни и странски правни и физички лица за развој на социјалните претпријатија;<br>- да поттикнува приватни инвестиции и финансирање на социјално-иновациски проекти |
| **Приоритет 4** | **Овозможување пристап до и развој на пазари за социјални претпријатија** | | |
| **Мерка 1** | Развивање на пазарот на јавни услуги и добра за социјални претпријатија | Министерство за финансии и Биро за јавни набавки | Согласно **член 40** во предлог на Законот за социјални претпријатија предвидено е :<br>- креирање можности за взаемно учење, вмрежување и соработка на социјалните претпријатија и помеѓу социјалните партнери и другите чинители (бизнис секторот, општините, образовните институции, агенции за поддршка на младите, фондови за иновации и технолошки развој, финансиските институции и сл.);<br>- учество во резервирани јавни набавки и преку договори за набавка на стоки, услуги и работи од социјалните претпријатија да обезбедува добра и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | услуги на општините, јавните установи и/или јавните претпријатија;<br>- поддршка за пристап до фондови на Европската<br>- Унија, заеми и други можности за финансирање на социјалните претпријатија. |
| **Мерка 2** | Развивање на приватниот пазар за социјални претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика); Министерството за економија (сега Министерство за економија и труд); Министерството за финансии; Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции | Согласно член 40 во предлог на Законот за социјални претпријатија правно лице на кое од страна на МСПДМ му се доверени јавни овластувања за вршење на работите за давање поддршка на социјалните претпријатија предвидено е :<br>- воспоставува соработка со институции на национално и локално ниво во областа на локален економски развој, поддршка на претприемништво (Центрите за развој на планските региони, фондации за поддршка на претприемништвото и малото стопанство, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и други институции и организации за поддршка на претприемништвото).<br>- поддршка во воспоставање на локални партнерства меѓу општини, приватни компании и социјални претпријатија и зголемување на нивната продажба;<br>- да рганизира настани за мрежно поврзување меѓу социјалните претпријатија и организирање на саеми, конференции, семинари и информативни сесии за социјални претпријатија.<br>- |
| **Мерка 3** | Зголемување на видливоста и препознатливоста на | Министерство за социјална политика, демографија и млади | Согласно **член 45** во предлог на Законот за социјални претпријатија предвидено е правно лице на кое од страна на МСПДМ му се доверени јавни овластувања за вршење на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | социјалните претпријатија на пазарот | (Министерство за труд и социјална политика); Министерството за економија; Министерството за финансии; Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции | работите за давање поддршка на социјалните претпријатија да:<br>- организира и спроведува обука, едукација и техничка поддршка на социјалните претпријатија,<br>- да обезбедува административно - техничка поддршка на Комисијата<br>- да обезбедува помош на социјалните претпријатија за пристап до финансиски средства за основање и работа, и да ги промовира инструментите за поддршка;<br>- да воспоставува соработка со меѓународни и домашни финансиски институции и организации и други домашни и странски правни и физички лица за развој на социјалните претпријатија;<br>- да поттикнува приватни инвестиции и финансирање на социјално-иновациски проекти |
| **Приоритет 5** | **Олеснување на пристапот до надворешни финансии** | | |
| **Мерка 1** | Пилотирање на финансиски инструменти за социјални претпријатија | Министерство за финансии; Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика) | Со донесување и стапување на сила, трет квартал 2026 година, на Предлог на Законот за социјални претпријатија ќе се создадат правни можности за пилотирање на финансиски инструменти за социјални претпријатија. |
| **Мерка 2** | Активирање на јавни средства преку инструменти за социјални финансии | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика); Министерство за економија; Развојна банка на Северна Македонија; Агенција | во **член 35** од предлог на Законот за социјални претпријатија предвидени се инструменти за финансиска поддршка на социјалните претпријатија и тоа:<br>(1) Социјалното претпријатие, со стекнат статус согласно овој закон, може да учествува во постапки за јавни набавки кои се спроведуваат со примена на одредбите за резервирани договори и резервирани договори за набавка на посебни услуги, согласно со Законот за јавните набавки (*). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | за вработување на РСМ; Фонд за иновации и технолошки развој; Генерален секретаријат на Владата на РСМ; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | (2) Социјалното претпријатие има право да добие субвенции за советодавни услуги и друг вид на поддршка од постоечките програми и фондови за поддршка на мали и средни претпријатија.<br>(3) Со посебни закони и/или програмски активности можат да се предвидат и други видови на поддршка, ослободување, олеснување или поволности за социјалните претпријатија, кои обезбедуваат еднакви конкурентски можности на социјалните претпријатија со другите економски правни лица и тоа нема да претставува нарушување на конкуренцијата. |
| **Мерка 3** | Поттикнување на компаниите да ја користат корпоративната општествена одговорност за финансирање на инвестиции во социјални претпријатија | Министерството за економија (сега Министерство за економија и труд) ; Министерството за финансии; Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции; Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика); Министерство за правда | Согласно **член 46** од предлог на Законот за социјални претпријатија предвидено е Владата да формира Национален совет за социјално претприемништво, како експертско, мулти-секторско советодавно тело за развој на социјалното претприемништво, анализа на потребите за развој на социјалното претприемништво, вклучување на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во определувањето и спроведувањето на развојот на социјалното претприемништво на локално ниво, подготовка на документи за развој и анализа и евалуација (оценка) и следење на спроведувањето на мерките за развој на социјалното претприемништво<br><br>Советот согласно своите надлежности предвидено е да:<br>- дава мислење на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија и Годишната програма за финансиска поддршка и развој на социјалните претпријатија, кои ги донесува Владата и го следи нивното спроведување.<br>- да ги анализира потребите за развој на социјалните претпријатија врз основа на постоечки истражувања, студии и извештаи; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | - да промовира интеграцијата на заедниците во утврдувањето и спроведувањето на развојот на социјалното претприемништво на локално и државно ниво;<br>- да анализира развојни документи, стратегии, проекти и анализи;<br>- ја следи примената на мерките и политиките за развој на социјалните претпријатија;<br>- прибира информации, мислења и ставови од страна на социјалните претпријатија и правните лица што обезбедуваат поддршка на социјалните претпријатија;<br>- го следи спроведувањето и да дава мислење на годишниот извештај за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија на Република Северна Македонија и Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за развој на социјалните претпријатија на Република Северна Македонија |
| **Мерка 4** | Воспоставување програма за граѓанските организации за создавање инкубатори, за развој и формирање социјални претпријатија | Министерство за социјална политика, демографија и млади (Министерство за труд и социјална политика); Генерален секретаријат на Владата на РСМ | Согласно **член 43** од предлог на Законот за социјални претпријатија е превидено да се изготвува Програма за поддршка на социјални претпријатија која ќе се реализира со финансиски средства предвидени во Годишната програма за поддршка и развој на социјални претпријатија. Оваа програма ќе бидат опфатени и постојни, како и граѓански организации и други правни субјекти како потенцијални социјални претпријатија. |